Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на седницата одржана на 18.4.2011 година, донесе Одлука бр. 2402-47/20 за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Елени Бужаровска, проф. д-р Марија Јанева и доц. д-р Билјана Ивановска.

На Конкурсот, објавен во весникот *Дневник* на 4.4.2011 година, за избор на еден наставник во сите звања се пријавила кандидатката д-р Марија Кусевска. Врз основа на поднесениот материјал, како и врз основа на познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марија Кусевска** дипломира на Катедрата за англиски јазик и книжевност, со македонски како втор главен предмет на Филолошкиот факултетот „Блаже Конески" во Скопје, во 1978 година, со просек 9,00. По повеќегодишна педагошка дејност како професор по англиски јазик и македонски јазик за странци во Центарот за странски јазици, во 1997 година магистрира на Државниот универзитет во Аризона, САД, на Катедрата по англиски јазик, Група за предавање на англискиот јазик како втор јазик, на тема „*Усвојување на говорните чинови – приговарање*". Во текот на студиите ги положува следниве испити: *Теории за учење втор јазик*, *Методи за предавање странски јазици*, *Граматика за предавање на англискиот јазик како странски јазик*, *Анализа на дискурсот и јазичното образование*, *Природата на* билингвизмот *и учењето втор јазик*, *Методи на истражувачка работа*, *Лингвистика*, *Синтакса* и *Американски англиски*. За време на постдипломските студии, кандидатката изработила низа испитувања на теми од областа на усвојувањето на англискиот јазик како странски или како втор јазик: *Редослед на усвојување на морфемите при учењето на англискиот јазик како втор јазик*, *Улогата на карактерните особини при учењето странски јазици*, *Фактори коишто влијаат при учењето странски јазици кај возрасните*, *Изразување на аспектот кај глаголите во англискиот и во македонскиот јазик*, *Интерференцијата на мајчиниот јазик при учењето на странскиот јазик*, *Анализа на градењето на конверзацијата во англискиот и во македонскиот јазик* и др. Таа е добитник на престижната стипендија за жени-научници ААУЊ (Американска асоцијација на универзитетските жени) за работа на проект на тема „*Стилови за учење и за предавање странски јазици*". Од 1978 до 2011 година, д-р Кусевска учествува на бројни семинари и конференции за применета лингвистика и за предавање на англискиот јазик како странски јазик во земјава и во странство.

Во јануари 2011 година, кандидатката Кусевска докторира на Филолошкиот факултетот „Блаже Конески", со тема „*Анализа на изразувањето несогласување во македонскиот и во англискиот јазик и импликациите за учењето на англискиот јазик кај македонските говорители*". Рецензентската комисија високо ја оцени научната вредност на оваа дисертација, истакнувајќи дека д-р Кусевска со овој труд дури не само што ги постигнала туку и ги надминала академските очекувањата на една дисертација и дека истата претставува пионерско истражување во областа на контрастивната и интеркултурната прагматика на говорот во Р. Македонија. Комисијата констатира дека нејзината дисертација претставува непроценлив придонес во македонистиката и во англистиката, заради неколку квалитети: извонредно високото научно ниво на извршената анализа и оригиналните научни сознанија добиени врз обемен македонски корпус на говорен јазик што таа го собрала.

***Педагошка дејност***

Д-р Марија Кусевска има извонредно богата и плодна педагошка дејност: покрај долгогодишната настава како професор по англиски и македонски јазик во Центарот за странски јазици (ЦСЈ), каде што работела со слушатели од сите возрасти и различни нивоа (од почетно до високо), таа предавала на повеќе високонаучни институции: од 1998 до 2001 г. - англиски на Воената академија во Скопје, во 2007 г. била лектор по англиски јазик на Катедрата за англиски јазик и литература при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", во пролетниот семестар 2007 г. предавала Методика за предавање англиски јазик на студентите од ММ колеџот при Факултетот за општествени науки, додека на ФОН универзитетот последните четири години предава Методика на англискиот јазик, а од оваа година предава неколку предмети на постдипломските студии: Анализа на дискурс, Прагматика и Деловна комуникација.

Д-р Кусевска има долгогодишно искуство во предавање македонски јазик во странство: во 1981 година е избрана од Министерството за образование како прв професор по македонски јазик во Мелбурн (Австралија) и како консултант во соодветните служби на Министерството за образование во Австралија. Во летниот семестар, во 2007 година предавала македонски јазик на Државниот универзитет Аризона, во САД, а исто така водела многубројни курсеви по македонски јазик за странски слушатели во Скопје, како во Центарот за странски јазици така и надвор од него: на пример во Мировниот корпус и Американската амбасада.

Д-р Кусевска е активна во полето на креирање и водење нови курсеви по англиски јазик. Таа дизајнира курсеви за бизнис, менаџмент, право, банкарство, новинарство, а во 2003 година го дизајнира и го води курсот *Англиски за јавна администрација* за постдипломците при Центарот за јавна политика и менаџмент во Скопје (оддел на Универзитетот во Питсбург). Од 2003 до 2007 година д-р Кусевска соработува со Европската асоцијација за квалитет во наставата по странски јазици (ЕАЉУАЛС), каде што работи на воведување на европските принципи во проектот за основање на слична асоцијација во Македонија (МАКС - Македонска асоцијација за квалитет во наставата по странски јазици). Во текот на проектот таа одржала неколку работилници за подобрување на квалитетот во училиштата за странски јазици; исто така таа го организирала преводот на *Европското јазично портфолио* за возрасни на македонски и на албански јазик, како и неговото пилотирање и примена во училиштата за странски јазици. Проектот е поддржан од Британскиот совет и од канцеларијата на ИИЗ/ДВВ во Скопје, и сè уште е во тек.

***Едукативно-научна дејност***

Д-р Кусевска е извонредно активна како организатор и менаџер во наставата по англиски и македонски јазик, како и во водење и организирање на бројни семинари и курсеви за усовршување на наставниците по странски јазици. Така од 2002 до 2006 година таа е директор за настава во Центарот за странски јазици во Скопје, каде што успешно извршува повеќе задачи: следење и примена на сите методолошки достигнување во наставата по странски јазици, обезбедување услови за перманентно образование на професорите и обука на младите професори при нивното вклучување во работата, дизајнирање, програми за потребите на клиентите во поглед на учењето странски јазици и др. Во тој период таа организира низа работилници за ефикасна организација на часот, фази во учењето, различните стилови на учење, поголема инволвираност на учениците во работата на часот, развивање мотивација за учење, невролингвистички пристап кон учењето и сл. Исто така, таа врши набљудување на часовите и им дава совети на професорите за подобрување на нивната методологија. Како менаџер со визија, м-р Кусевска во работата на Центарот воведува значајни иновации: *Заедничката европска рамка на јазичните нивоа* и користењето на *Европското јазично портфолио*, како и нови техники за развивање на говорните вештини и нови курсеви за потребите на слушателите од областа на бизнисот и комуникацијата.

Д-р Кусевска се јавува како организатор на бројни семинари и курсеви за промовирање на наставата по странски јазици, со посебен акцент на македонскиот јазик за странци.

Во 2003 година организира и координира петнеделна програма за учење на македонскиот јазик за вработените во Американската амбасада, како и предавање на средниот курс.

Во периодот 1998-2002 година е соработник на Мировниот корпус за избор и обука на наставници по македонски јазик и координатор на јазичната обука на новите американски волонтери.

Во 2001 г. учествува во проектот на Бугарската асоцијација за квалитет во наставата по странски јазици за сите земји во Источна Европа.

Во текот на 2002-2003 година, преку грант од Американската амбасада во Скопје, организира клубови за комуникација и лидерство според (програмата *Тоастмастерс интернатионал*) со цел да се воведат нови стратегии за развивање на говорните и комуникациските вештини кај слушателите по странски јазици; додека за примената на програмата во наставата по англиски јазик организира семинари за професорите од цела Македонија.

Во 1994-1995 година, преку Институтот отворено општество Македонија организира летно училиште за надарени средношколци, како и два семинара за деловен англиски за македонските менаџери.

Во март 2011 година организира и води семинар наменет за советниците од Бирото за развој на образованието на тема *Примена на Заедничката европска рамка за јазиците (ЗЕРР) и на Европското јазично портфолио во средните училишта*.

***Научна дејност***

Д-р Кусевска се јавува како прв коавтор на повеќе значајни учебници, меѓу кои треба да се истакне првиот учебник по македонски јазик за странци *Зборувате ли македонски?* (1995), со модерен комуникативен пристап проследен со вежбанка и аудиокасета. Многу генерации американски млади научници научиле македонски од овој учебник, и тој уште се користи на повеќе универзитети во САД и во Европа. Таа книга се појави по успешното имплементирање на нејзиниот *Прирачник по македонски јазик за странци,* којшто се користеше во ЦСЈ (1982). Исто така, м-р Кусевска се јавува како прв коавтор на неколку учебници за предавање на англискиот јазик: *Discover* (1984) среден курс по англиски јазик за тинејџери, *Zour Grammar*

*Companion* (1999), граматика за употреба на времињата во англискиот јазик со објаснувања на македонски и на англиски јазик и со соодветни вежби.

Д-р Кусевска учествува на многубројни конференции и семинари со следниве презентации: *Некои карактеристики на јазикот на македонските емигранти и нивните деца во Австралија* (Сараево, 1984), *Методи за предавање македонски во странство* (на Семинарот за предавање македонски јазик и култура во странство, Берово, 1998), *Усвојување на дискурсот во училната* (Констанца, Романија, 2000), *Некои фази во усвојувањето на странскиот јазик* (Мировен корпус, Скопје, 2000), *Воведувањето на Европското јазично портфолио и Заедничката европската рамка на нивоата во Република Македонија* (Еуроинтеграте, Солун, 2006), *Разлики во изразување на јазичните функции* (ЕЛТАМ, Скопје, 1999), *Нови приоди за развивање комуникациски вештини на странскиот јазик* (ЕЛТАМ, Охрид, 2002), *Квалитетот во наставата по странски јазици* (ЕЛТАМ, Охрид, 2004) и др.

Д-р Кусевска се покажала како успешен едукатор на помлади наставници по странски јазици. Така, таа има одржано неколку семинари за претставниците на училиштата за странски јазици на тема *Маркетинг во училиштата за странски јазици* (2004), *Перманентно образование на професорите и другите вработени* (2004), *Квалитетот во наставата во училиштата за странски јазици* (2005) и др.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Како Резензентска комисија ние сме импресионирани од богатата активност на д-р Кусевска на педагошко, организациско и научно поле. Треба да се истакне дека таа е исклучително скромна, совесна и трудољубива личност и покрај фактот што има многубројни значајни публикации домашни и странски и што е заслужено ценета во светските научни кругови. Нејзиниот придонес за изучувањето и популаризирањето на македонистиката во странство и англистиката во Македонија е од непроценлива важност. Сметаме дека Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип може само да се гордее ако има толку квалитететен наставен и научен кадар.

Врз основа на гореизложено, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **да ја избере д-р Марија Кусевка во звањето доцент за наставно- научната област англистика**.

**РЕЦЕНЗЕНСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Елени Бужаровска, с.р.**
**Проф. д-р Марија Јанева, с.р.**
**Доц. д-р Биљана Ивановска, с.р.**

# Т А Б Е Л А

## за вреднување на активностите на д-р Марија Кусевска, според критериумите дадени со Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Основен школски или средношколски учебник или научнопопуларна книга | 4 | 10/15 | 40 |
| Раководител на семинар | 7 | 2/4 | 14 |
| Воведување нов специјален (стручен) наставен предмет | 6 | 3 | 18 |
| Организатор на летна школа | 1 | 2 | 2 |
| Предавања (2+2+2)x1,5+4=13 | 9+4 | 1,5 | 13 |
| Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | 3(2) | 3 | 6 |
| Визитинг професор во странство (најмалку еден семестар) | 8 | 2 | 16 |
| | | | **109** |
| | | | |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)** | | | |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| | | | **8** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 8 | 2/3 | 16 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 8 | 1,5/2 | 16 |
| Учесник во научен проект | 2 | 5 | 10 |
| | | | **42** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **159** |